РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1530/4
09-09-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на чл. 22 и чл. 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19), а согласно со чл. 40 ст. 3 и чл. 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава добиена од познат подносител, на првото продолжение од 51-вата седница одржано на 01.09.2021 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапувањето по пријавата на /// /// од /// доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-948/1 од 07.02.2020 година, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19), Државната комисија за спречување на корупцијата не констатира повреда на закон од страна на службено лице заради стекнување корист, лично за себе или за друг.

Предметот со број 12-948 од 2020 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот да се достави одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението во деперсонализирана форма, да се објави на нејзината веб страница во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-948/1 од 07.02.2020 година во Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) е оформен врз основа на добиена пријава од /// /// од /// (во понатамошниот текст: подносителот).

Во пријавата се изнесени наводи за незаконско вработување на две лица во Министерство за финансии на Република Северна Македонија – Царинска управа на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: царинската управа), т.е. во царинарницата во /// – ///, врз основа на јавен оглас бр. /// од /// година. Со изнесените

наводи подносителот ја оспорува постапката за вработување од формално правен аспект. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Во прилог на пријавата доставени се докази.

Постапувајќи по пријавата на подносителот, ДКСК се обрати до царинската управа со барање за доставување податоци, информации и документација по однос на постапката за вработување по погоре наведениот јавен оглас. Царинската управа доследно постапи по барањето на ДКСК и ги достави побараните податоци, информации и документација, па по оцена на секој одделен доказ, како и на сите докази во целина, по извршената единечна и вкрстена анализа на сите факти во предметот, ДКСК не утврди елементи за нејзино понатамошно надлежно постапување во предметот. Имено, по спроведениот јавен оглас, царинската управа ги презела сите неопходни законски дејства и во законски спроведена постапка, донела одлука за избор на најдобро рангирани кандидати. Оттаму, ДКСК не констатира повреда на закон од страна на службено лице заради стекнување корист, за себе лично, или за друг, оцени дека постапувањето по пријавата на подносителот да се запре и предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- Архивата на ДКСК
- Подносителот

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: Н.Б.